# ПРИРАЧНИК
## ЗА АКЦИОНЕРСКИ ДРУШТВА СО ПОСЕБНИ ОБВРСКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ

Скопје,
Октомври, 2008 година

## Изјава за иземање од одговорност

Прирачникот за акционерски друштва со посебни обврски за известување (Прирачникот) е подготвен со поддршка на Меѓународната финансиска корпорација, дел од групацијата на Светската банка, и се дистрибуира со забелешка дека ниту авторите, ниту организациите, ниту државите кои тие ги претставуваат, ниту издавачите не се занимаваат со давање правни совети.

Прирачникот е изготвен со добра намера, како генерална насока и има за цел да им го олесни начинот за исполнување на законските обврски на Акционерските друштва со посебни обврски за известување од Регистарот на Комисијата за хартии од вредност.

Сите поими кои во Прирачникот се спомнуваат во машки род се однесуваат на двата пола, доколку во текстот не е поинаку назначено.

**Сите ставови во овој Прирачник не ги одразуваат ставовите на групацијата на Светската банка, Меѓународната финансиска корпорација и Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија.**

Прирачникот им се дистрибуира на неговите корисници со предупредување дека без претходна согласност на Меѓународната финансиска корпорација тој не смее да биде ставен во промет на комерцијална основа на било кој начин (по пат на изнајмување, препродавање, позајмување и сл.).

# ПРЕДГОВОР

Овој прирачник е изготвен од страна на Комисијата за хартии од вредност и Проектот за корпоративно управување на Меѓународната финансиска корпорација. Посочувањето на законот и подзаконските акти во овој Прирачник ја прикажува состојбата на важечката правна регулатива во 2008 година. Комисијата за хартии од вредност го изработи овој Прирачник како израз на добри намери и со цел да обезбеди општи упатства за акционерските друштва со посебни обврски за известување кои се водат во Регистарот на Комисијата за хартии од вредност.

Транспарентноста во работењето на компаниите во смисла на навремено и целосно обелоденување и известување со релевантни информации и податоци независно дали се тие од финансиски или од тековен карактер при редовното работење, треба да претставува предизвик за менаџментот на една компанија и е корпоративно начело без кое не може да се замисли функционирањето на една современа и развиена економија.

Тековното објавување на сите релевантни податоци за работата, за резултатите и за функционирањето на акционерското друштво е едно од основните начела на корпоративното управување, кое е предуслов за создавање на атрактивна бизнис клима, којашто се карактеризира со конкурентски ориентирани компании и ефикасни финансиски пазари. Тоа е практика на развиените земји, а подобрување на нивото на транспарентноста на компаниите е основната причина за донесување на една од директивите на Европската Унија и принцип на Меѓународната организација на Комисиите за хартии од вредност-IOSCO.

Подобрувањето на инвестициската клима и прифаќањето на стандардите на доброто корпоративно управување од страна на македонските компании е еден од врвните приоритети на Комисијата за хартии од вредност како регулатор на пазарот на хартии од вредност. Корпоративното управување како збир на принципи базирани на законот, како и на принципите на правичност, чесност и грижливост за одговорно и транспарентно управување и водење на компанијата е од заедничка корист за акционерите, менаџерите, вработените, клиентите, добавувачите и конечно за пошироката заедница. Со реалното и објективно имплементирање на принципите на корпоративно управување од компаниите, се отвара можност за унапредување на економската ефикасност, како на макро, така и на микро ниво.

Доброто корпоративно управување го промовира и поттикнува претприемачкиот дух, создава етичка и мотивирана работна средина, обезбедува подобар, соодветен и ефикасен однос кон човечките, материјалните и кон финансиските потенцијали. Исто така, овозможува поголема веројатност за пристап кон финансиски средства надвор од компанијата, зголемување на вредноста на друштвото, зголемување на довербата на јавноста кон компаниите, пазарот на капитал и националната економија.

Ефикасниот, фер и транспарентен пазар на капитал придонесува за поголем раст и развој на целокупната економија, за создавање нови работни места преку подобра алокација на капиталот и преку редуцирање на трошоците.

Имајќи го во предвид значењето на транспарентноста како принцип на добро корпоративно управување за пошироката јавност- инвеститорска и останата, како и за поделните корпоративни целни групи и други засегнати лица, и во Република Македонија оваа област е соодветно правно третирана. Правната рамка според која функционира транспарентноста на компаниите е претставена со Законот за хартии од вредност (Службен весник на РМ бр.95/05, 25/07; 07/08) кој пак во голема мера е усогласен со Директивата на Европската унија за транспарентност.

**Марина Наќева-Кавракова**
**Претседател на**
**Комисијата за хартии од вредност**

IFC
International Finance Corporation
World Bank Group

# ПРЕДГОВОР

Програмата за корпоративно управување во Јужна Европа е имплементирана од страна на Меѓународната финансиска корпорација (ИФЦ) и финансирана од страна на Државниот секретаријат за економски прашања на Швајцарија (SECO)

Програмата започна да се имплементира во пролетта 2006-та година и планирано е да трае 3 години со цел да им помогне на компаниите и на банките во Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора и Србија да ги подобрат нивните стандарди на корпоративно управување.

Постоењето на квалитетна регулатива и практики за известување е еден од меѓниците на доброто корпоративно управување. Подобрувањето на транспарентноста и обелоденувањето на податоците се дел од трајните придобивки кои нашата Програма би сакала да ги остави зад себе во овој регион. Ние добро знаеме дека промената на културата на известување на компаниите е функција од три варијабли: прво, усвојување на јасни и добро балансирани правни обврски; второ, силен и способен регулатор кој има и волја и способност да го подобри разбирањето на компаниите за нивните обврски за известување и да го спроведува законот кога овие обврски не се исполнети; и трето, компании кои се предводени од менаџери кои ги разбираат вкупните придобивки од чесното известување, и кои имаа вработени кои се оспособени да доставуваат квалитетни извештаи.

Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија е еден од клучните ентитети кои се во можност позитивно да влијаат на правната рамка и на на културата на копоративно управување во државата. Нашиот проект соработуваше на повеќе наврати со овој регулатор, и подготвувањето на Прирачникот за компаниите со посебни обврски за известување доаѓа како најсериозен проект што двете институции заеднички го спроведуваат.

Ние гледаме суштинска додадена вредност од оваа активност, затоа што за прв пат на еден сеопфатен, но во исто време и во прегледен формат се претставен сите обврски за известување кои ги имаат компаниите со посебни обврски за известување, како во публикација така и во електронски образци. Овој прирачник, заедно со посетите на сите компании на кои истиот се однесува ќе обезбеди една од основните обврски на регулаторот – обезбедување на фер и еднакви за сите услови на теренот – да биде остварена во поглед на транспарентноста и обелоденувањето на податоци.

**Хуан Карлос Фернандез Зара**

**Регионален менаџер**
**ИФЦ Програма за корпоративно управување во Јужна Европа**

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Federal Department of Economic Affairs FDEA
State Secretariat for Economic Affairs SECO

# ПРЕДГОВОР

Доброто корпоративно управување придонесува кон одржлив економски развој преку засилување на перформансите на компаниите и подигнување на нивото на нивен пристап до надворешни извори на капитал. Крајната цел е да се направат компаниите попрофитабилни и да се поддржува нивниот раст и развој. Иако базирано на правила, корпоративното управување е помалку засновано на детални и комплексни регулативи, а многу повеќе на искрено-спроведувани практики. Само како илустрација, прекршувањата на етичките правила од страна на менаџментот или на вработените е причина за 37% од бизнис-неуспесите на компаниите со високи перформанси во Европа, според извештајот на Еразмус универзитетот од 2005 година.

Етичкото и искрено однесување е клучна претпоставка за успешно финансиско и не-финансиско известување на компаниите. Имајќи ги во предвид последните состојби на глобалните финансиски пазари, поседувањето на точни бројки и нивно презентирање во јасен и споредлив формат е од најголема важност за кредиторите и инвеститорите да можат да носат одлуки базирани на информации.

Токму затоа Швајцарската влада го поздравува објавувањето на овој нов Прирачник за компаниите со посебни обврски за известување, кој Проектот за корпоративно управување во Македонија на Меѓународната финансиска корпорација (ИФЦ) го има развиено и издадено заедно со Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија.

Ние сме сигурни дека овој прирачник ќе послужи како корисен водич кој е лесен за употреба и од страна на компаниите и од страна на регулаторот, обезбедувајќи насока за форматот и содржината на извештаите на компаниите, што би водело кон поструктуриран пристап на нивно презентирање пред инвестициската заедница. Исто така, електронските формати на извештајот ќе придонесат кон вкупното поедноставување на важните процеси на обезбедување на транспарентност и обелоденување на податоците на компаниите.

ИФЦ Програмата за корпоративно управување во Јужна Европа, поддржана од Швајцарскиот секретаријат за економски прашања (SECO) е дел од долгорочната швајцарска соработка со Македонија. Во моментов достигнувајќи околу 100 милиони американски долари (1996 – 2008), швајцарско-македонската соработка за развој во основа се фокусира на поддршка на демократското владеење, основната социјална инфраструктура и економскиот развој на Македонија.

**Никол Вирш**
**Амбасадор на Швајцарија во Македонија**

# Содржина

1. Вовед....14
2. Како според домашни услови би ги поделиле компаниите во поглед на нивната отвореност кон јавноста?....16
3. Зошто е важно компаниите кои се водат во Регистарот на Комисијата за хартии од вредност да ги исполнуваат обврските за обелоденување?....16
4. Мерки на контрола на акционерски друштва со посебни обврски за известување....17
5. Акционерско друштво со посебни обврски за известување....18
6. Регистар на акционерските друштва со посебни обврски за известување....18
7. Обврски за обелоденување....18
   7.1. Годишни извештаи....18
   7.2. Објавување на резиме од годишниот извештај....21
   7.3. Полугодишни извештаи....27
   7.4. Тримесечни финансиски извештаи....31
   7.5. Тековни соопштенија и материјали за акционерски собранија....75
8. Забрана за нецелосно обелоденување на податоци....75
9. Дистрибуција на извештаите....75
10. Необјавување на ценовно чувствителни информации....75
11. Непримена на обврските за известување во случај на стечај или ликвидација....76
12. Посебни случаи на обелоденување на сопственост....76
   12.1. Обврски за известување на членовите на органите на управување и директорите....76
   12.2. Обврски за известување на одредени акционери....78
   12.3. Обврски за известување на акционерското друштво....79
   12.4. Изземање од обврска за доставување на годишен, полугодишен, тримесечен и тековен извештај на акционер и друго заинтересирано лице....81

# Вовед

Прирачникот за акционерските друштва со посебни обврски за известување е изработен со цел компаниите во нашата земја полесно и поедноставно да ги исполнуваат обврските за известување, кое пак ќе помогне да ја зголемат својата транспарентност и да станат поатрактивни за инвеститорите, како за домашни, така и за странски. Начинот на кој се презентирани работите во прирачникот овозможува тој на компаниите да им користи како секојдневна алатка при изготвувањето на финансиските извештаи и на тековните соопштенија и информации.

Овој прирачник во целост е усогласен со македонската законска регулатива и практика. Објаснет е начинот на кој треба компаниите да ги составуваат годишните, шестмесечните, тримесечните извештаи, како и тековните соопштенија и информации. На лицата кои во друштвата се задолжени за изготвување на финансиските извештаи и тековни соопштенија кои се должни да ги објават во Регистарот на Комисијата за хартии од вредност, прирачникот треба да им овозможи релативно едноставна изработка на извештаите, но истовремено и квалитетно и целосно, во согласност со законската регулатива.

На тој начин, инвеститорите ќе можат врз база на точни и проверени податоци да носат одлуки дали да инвестираат во некоја компанија, зашто практиката покажува дека инвеститорите сакаат да бидат сигурни каде вложуваат и доколку вложуваат дека тоа го вршат во услови на најмал ризик. Јасно е дека инвеститорите бараат фер, транспарентни и ефикасни пазари на хартии од вредност, каде тие се чувствуваат најсигурни.

Преку прирачникот, ќе се овозможи стандардизиран пристап кон изготвувањето на финансиските извештаи и тековни соопштенија, што и за компаниите и за инвеститорите претставува посебен бенифит.

Правната рамка за акционерските друштва со посебни обврски за известување ја сочинуваат глава VI од Законот за хартии од вредност (Службен весник на РМ бр.95/2005, 25/2007 и 07/2008 ) и подзаконските акти кои произлегуваат од законот и тоа:

- Правилник за содржината, начинот и роковите за поднесување на барање за изземање од обврската за доставување на годишен, полугодишен, тримесечен и тековен извештај по барање на акционер или друго заинтересирано лице (Службен весник на РМ бр.41/2008);

- Правилник за формата и содржината на првичниот извештај за сопственост на акционер, извештајот за промена на сопственост на акционер и конечниот извештај за промена на сопственост на акционер (Службен весник на РМ бр.6/2007);

- Правилник за начин и време на запишување и бришење на акционерско друштво, содржина и начин на водење, ажурирање на податоците и пристап на јавноста до Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување (Службен весник на РМ бр.6/2007);

-Правилник за формата и содржината на првичниот извештај за сопственост и извештајот за промена на сопственост на член на надзорен, управен одбор или

одбор на директори на акционерско друштво со посебни обврски за известување, како и на лицата со посебни одговорности и овластувања(Службен весник на РМ бр.6/2007);

-Правилник за известување од страна на депозитар на хартии од вредност за стекнати повеќе од 5% на хартии од вредност издадени од акционерско друштво со посебни обврски за известување (Службен весник на РМ бр.6/2007);

-Правилник за времето и начинот на обелоденување на ценовно чувствителни информации на акционерските друштва со посебни обврски за известување (Службен весник на РМ бр.110/2006);

-Правилник за известување од страна на акционерско друштво со посебни обврски за известување за стекнати односно отуѓени хартии од вредност на правни или физички лица (Службен весник на РМ бр.66/2008);

-Правилник за формата и содржината на годишните, полугодишните, тромесечните и тековните извештаи и резимето од годишните извештаи на акционерските друштва со посебни обврски за известување кои се водат во Регистар на Комисијата за хартии од вредност (Службен весник 112 /2008);

-Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за времето и начинот на обелоденување на ценовно чувствителни информации на акционерско друштво со посебни обврски за известување (Службен весник на РМ бр.66/2008);

-Правилник за постапката и условите за достапност на податоци од издавач на хартии од вредност и од акционерските друштва со посебни обврски за известување (Службен весник на РМ бр.110/2006);

## Како според домашни услови би ги поделиле компаниите во поглед на нивната отвореност кон јавноста?

Одговорот на ова прашање ќе ни даде две групи на компании, и тоа: компании кои се отвораат за јавноста според одредбите на Законот за хартии од вредност и неговите подзаконски акти и се водат во Регистарот на Комисијата за хартии од вредност на акционерски друштва со посебни обврски за известување и компании кои котираат на Македонската Берза АД Скопје. Уште веднаш ќе констатираме дека компаниите кои котираат на Македонската Берза АД Скопје истовремено се водат и во Регистарот на Комисијата за хартии од вредност како акционерски друштва со посебни обврски за известување. Постои и една битна разлика во поглед на отворањето на компаниите кон јавноста.

Имено, котираните компании се должни да обелоденуваат информации и податоци од своето работење според Правилата за котација на берзата, кои по квантитет и по квалитет се построги во однос на обврските за обелоденување кои ги имаат компаниите кои се водат во Регистарот на Комисијата за хартии од вредност. Но, не треба да се занемари и фактот што компаниите кои котираат на берзата, кон обврските од котацијата имаат пристапено доброволно, додека пак компаниите кои се водат во Регистарот на Комисијата за хартии од вредност пристапуваат кон обврските за обелоденување по сила на закон.

## Зошто е важно компаниите кои се водат во Регистарот на Комисијата за хартии од вредност да ги исполнуваат обврските за обелоденување?

Отвореноста на компаниите во голема мера го одразува нивото на корпоративната свест во една економија. Домашните, а пред се странските инвеститори многу тешко ќе се одлучат да вложуваат во земја каде што компаниите се одликуваат со ниско и незадоволително ниво на отвореност. Колку повеќе ќе се зголемува отвореноста на компаниите и нивната подготвеност за презентирање на јавноста за најзначајните аспекти од нивното работење, толку повеќе ќе се зголемува и инвеститорскиот интерес.

Од обелоденувањето на податоци за друштвата, корист имаат не само лицата кои се сопственици или инвестираат во хартии од вредност, туку и самите издавачи. Објавувањето на податоци и обезбедувањето транспарентност за инвеститорите, друштвата не треба да го сфатат само како законска обврска, туку и како начин на промоција пред потенцијалните инвеститори и натпревар за прибирање на свеж капитал од широката јавност.

Токму "Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување", на инвеститорите треба да им нуди точни, целосни, навремени информации врз основа на кои можат да носат правилна, вистинска и профитабилна деловна одлука за вложување на својот капитал и затоа компаниите треба да бидат отворени преку редовен тек на разбирливи и споредливи податоци.

Финансиските извештаи што се доставуваат во Регистарот им овозможуваат на инвеститорите да ги проценат економските перформанси на едно друштво во

минатото и нејзината финансиска состојба во сегашноста. На тој начин се дава подобра проценка на ризиците и на бенефитите од вложувањата, како и заштита на сопствените интереси.

Постои и друга последица од отвореноста, односно затвореноста на компаниите. Имено, доколку компаниите се затворени за јавноста и не објавуваат податоци кои се должни да ги обелоденуваат, може да се заклучи дека тие овозможуваат или пак стимулираат поединци од компаниите кои наместо јавно да се објават информациите и податоците, за сопствена материјална корист ги злоупотребуваат на пазарот на хартии од вредност. За да има фер и транспарентен пазар на хартии од вредност мора да има јавно објавени релевантни информации и податоци за работењето на компаниите.

Секако, не треба да се занемари и фактот што за неисполнувањето на законските обврски за известување следат некои од подолунаведените административни мерки кои сами по себе не отсликуваат добар имиџ на една компанија, а постои и можност компаниите и одговорните лица во нив да се соочат со плаќање глоби.

## Мерки на контрола на акционерски друштва со посебни обврски за известување

Доколку Комисијата за хартии од вредност открие дека акционерското друштво со посебни обврски за известување ги прекршило одредбите за обелоденување, може да ги преземе следните мерки:

- јавно да ги обелодени информациите за неправилностите и незаконитостите;
- да донесе решение со кое од акционерското друштво со посебни обврски за известување и/или од неговите директори или вработени се бара да ги отстранат неправилностите и незаконитостите и да биде известена за отстранување на истите;
- да наложи времено прекинување на тргувањето со хартиите од вредност на акционерското друштво со посебни обврски за известување во период од 30 работни дена;
- да наложи времена забрана на нетрговските преноси на хартиите од вредност на акционерското друштво со посебни обврски за известување во период од 30 работни дена и
- парично да го казни акционерското друштво со посебни обврски за известување.

Доколку пак, се открие дека директор, вработен, член на управниот и надзорниот одбор и одборот на директори на акционерското друштво со посебни обврски за известување ги прекршил одредбите за обелоденување и/или предизвикал акционерското друштво со посебни обврски за известување да ги прекрши обврските за обелоденување, Комисијата за хартии од вредност може да ги преземе следните мерки:

- ➢ парично да го казни директорот, вработениот, членот на управниот и надзорниот одбор и одборот на директори на акционерското друштво со посебни обврски за известување и
- ➢ да донесе решение со кое трајно или времено му забранува на физичкото лице да купува, продава или да биде вклучено во нетрговски преноси со

хартии од вредност кои ги издава акционерското друштво со посебни обврски за известување.

## Акционерско друштво со посебни обврски за известување

Законот за хартии од вредност, акционерското друштво со посебни обврски за известување го дефинира како друштво кое извршило јавна понуда на хартии од вредност, или има главнина од 1.000.000 евра во денарска противвредност и повеќе од 100 акционери, или е котирано на берза. Ова значи дека било кој поединечен услов од спомenatите да го исполнува едно акционерско друштво, тоа ќе се води во Регистарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување.

# Регистар на акционерските друштва со посебни обврски за известување

Комисијата за хартии од вредност кон крајот на 2003 година започна да води Регистар на акционерските друштва со посебни обврски за известување. Акционерското друштво се запишува во Регистарот доколку исполнува еден од погоренавдените услови за да добие статус на друштво со посебни обврски за известување.

Формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на акционерските друштва со посебни обврски за известување со Правилник го има пропишано Комисијата  за хартии од вредност.

# Обврски за обелоденување

**Годишни извештаи**

Акционерското друштво е должно до Комисијата да достави годишен извештај за неговите финансиски резултати, правниот статус и работењето во рок од четири месеца по завршувањето на секоја календарска година. Годишниот извештај содржи:

а) финансиски извештаи подготвени во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување, заедно со мислењето на овластен ревизор подготвено во согласност со меѓународните ревизорски стандарди;

б) анализа и образложение на деловните резултати и програма за развој на акционерското друштво;

в) податоци за членовите на управниот, надзорниот одбор, односно за членовите на одборот на директори, како и податоци за нивно процентуално учество во основната главнина на тоа акционерско друштво;

г) податоци за физички и/или правни лица кои поседуваат повеќе од 5% од акциите со право на глас во акционерското друштво;

д) податоци за сите договори за наградување на членовите на управниот и надзорниот одбор или одборот на директори, односно лицата со посебни одговорности и овластувања;

ѓ) податоци за трансакциите меѓу акционерското друштво со поврзаните лица;

е) политика на распределба на дивиденда на акционерското друштво;

ж) податоци за стекнување на сопствени акции од страна на акционерското друштво и

з) податоци за какви било значајни промени што биле содржани во проспектот, доколку акционерското друштво издало проспект во текот на последните 12 месеца.

Комисијата за хартии од вредност е должна да ги чува сите годишни извештаи на акционерските друштва најмалку три години од денот на доставување.

## Објавување на резиме од годишниот извештај

Секое акционерско друштво е должно да објави резиме на ревидиран годишен извештај, заедно со мислењето на овластениот ревизор во најмалку еден дневен весник во Република Македонија, во рок од 15 календарски дена од доставувањето на ревидираниот годишен извештај до Комисијата. Во резимето треба да се наведе дека финансискиот извештај во целост е достапен во седиштето на акционерското друштво и во просториите на Комисијата.

# Годишно известување за основни податоци на акционерските друштва од групата:
# - Друштва за осигурување
# - Финансиски институции
# - Останати друштва

# Образец: Годишно известување за основни податоци на акционерските друштва

## 1. Општи податоци

| | |
|---|---|
| Назив на друштвото | |
| Седиште и адреса | |
| Телефон и факс | |
| Адреса на електронската пошта | |
| Адреса на интернет страницата | |

## 2. Правен статус

| | |
|---|---|
| Матичен број | |
| Шифра на дејност | |
| Опис на дејностите (претежна дејност) | |
| Број на Решение од Централниот Регистар | |
| Датум на основање (ден, месец и година) | |
| Статусни промени на друштвото (припојување, спојување, преобразба, присоединување и поделба) | |
| Број на подружници, филијали | |
| Број на вработени на крајот на годината | |
| Систем на управување<br>-едностепен<br>-двостепен | |
| Име и презиме на прокуристот | |

## 3. Податоци за капиталот и промени во капиталот на друштвото

| | |
|---|---|
| Вкупен износ на основната главнина | |
| Број на издадени акции | |
| -обични акции | |
| -приоритетни акции | |
| Номинална вредност на акциите | |

| | |
|---|---|
| Дали во периодот е извршена емисија на акции на АД | |
| -вид на емисија | |
| -број на издадени акции | |
| -вкупна вредност на издадените акции | |
| Дали во перидот е извршена поделба на акциите на АД и податоци во врска со тоа | |
| Број на акционери на крајот на годината | |
| Број и процент на сопствени обични и приоритетни акции во основната главнина на последниот ден од годината(процент заокружен на две децимали) | |
| Податоци за стекнување на сопствени акции од страна на АД | |
| -датум и начин на стекнување | |
| -правниот основ за стекнување | |
| -количина | |
| -поединечна цена | |
| Податоци за било какви значајни промени што биле содржани во проспектот,(особено податоци за:правното, финансиското и деловното работење на издавачот, инвестициониот ризик и за правата кои произлегуваат од понудените хартии од вредност) доколку АД издало проспект во последните 12 месеци | |
| Меѓународен идентификациски број на акциите издадени од АД-ИСИН број | |
| Сметка/и (трансакциона/и) на АД и назив на институцијата која ја води | |

## 4.Финансиски податоци и финансиска состојба на АД

| | |
|---|---|
| Цена на обичните акции ако со нив се тргувало на берзата или на друг организиран пазар | |
| -највисока | |
| -најниска | |
| Цена на приоритетните акции ако со нив се тргувало на берзата или на друг организиран пазар | |
| -највисока | |
| -најниска | |
| Пазарна капитализација, доколку со акциите се тргува на берза или на организиран пазар (Види подолу) | |
| Промени на сметководствените политики | |

| | |
|---|---|
| Датумот на одржување на акционерското собрание на кое е усвоен ревидираниот годишен извештај | |
| Податоци за членовите на управниот, надзорниот одбор односно членовите на одборот на директори и податоци за нивно процентуално учество во основната главнина на АД<br>- име и презиме, датум и место на раѓање, националност, државјанство<br>- опис на функцијата и датум на назначување<br>- број и вид на акции издадени од друштвото што ги поседува изразен во апсолутен износ и процентуален износ во однос на основната главнина на друштвото и<br>- поконкретен опис на правниот основ (трговска трансакција односно нетрговски пренос) за стекнувањето на акциите. | |
| Податоци за физичките и/или правните лица кои поседуваат повеќе од 5% од акциите на друштвото (име, презиме, број на пасош и земја од која е издаден пасошот за странско лице; за правни лица: назив, седиште, адреса, матичен број), број и процент на обични и приоритетни акции во сопственост(процент заокружен на две децимали) | |
| Податоци за сите договори за наградување на членовите на управниот и надзорниот одбор или одборот на директори, односно лицата со посебни одговорности и овластувања | |
| Податоци за трансакциите помеѓу АД со поврзаните лица (датум на трансакцијата, број на стекнати/оттуѓени акции, процент од вкупен број на акции ) | |
| Дивиденда по обична акција (во апсолутен износ и во процентуален износ во однос на номиналната вредност, заокружен на две децимали) | |
| -претходна година | |
| -2 години претходно | |
| -3 години претходно | |
| Дивиденда по приоритетна акција (во апсолутен износ и во процентуален износ во однос на номиналната вредност, заокружен на две децимали) | |
| -претходна година | |
| -2 години претходно | |
| -3 години претходно | |

## 5. Деловни активности кои имаат значително влијание на пазарната цена на хартиите од вредност

| | |
|---|---|
| Назив на берзата или друг организиран пазар на кој се тргува со хартиите од вредност на друштвото | |
| Котација на хартиите од вредност на АД и берзата на која котираат | |
| Правни прашања (коментар на органите на управување/ менаџментот за сите судски постапки во кои е вклучено акционерското друштво како тужител односно тужена страна, чија вредност  изнесува најмалку 5% од вредноста на капитал на друштвото определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи) | |
| Останати значајни прашања кои влијаат на цената на хартиите од вредност  (се наведуваат значајни настани кои не се опфатени со претходните алинеи, а би можеле да влијаат на цената на хартиите од вредност како на пример-изнаоѓање на стратешки партнер, позначајни деловни потфати, ново откритие, промена на доминантна/клучна позиција на пазарот и сл. ). | |

Пазарната капитализација, доколку со акциите се тргува на берза или на организиран пазар, се утврдува со множење на последната поединечна цена на акциите постигната на берза последниот ден за периодот за кој се известува со бројот на вкупно издадените акции. Доколку друштвото котира односно со акциите се тргува на повеќе берзи, пазарната капитализација се утврдува според последната цена на акциите на берзата на која имало најголем вредносен обем на тргување.

# Полугодишно известување за основни податоци на акционерските друштва од групата:

# - Друштва за осигурување
# - Финансиски институции
# - Останати друштва

# Образец: Полугодишно известување за основни податоци на акционерските друштва

## 1. Општи податоци

| | |
|---|---|
| Назив на друштвото | |
| Седиште и адреса | |
| Телефон и факс | |
| Адреса на електронската пошта | |
| Адреса на интернет страницата | |

## 2. Правен статус

| | |
|---|---|
| Матичен број | |
| Шифра на дејност | |
| Опис на дејностите (претежна дејност) | |
| Број на Решение од Централниот  Регистар | |
| Датум на основање (ден, месец и година) | |
| Статусни промени на друштвото (припојување, спојување, преобразба, присоединување и поделба ) | |
| Број на подружници, филијали | |
| Број на вработени на крајот на годината | |
| Систем на управување<br>-еднostепен<br>-двостепен | |
| Име и презиме на прокуристот | |

## 3. Податоци за капиталот и промени во капиталот на друштвото

| | |
|---|---|
| Вкупен износ на основната главнина | |
| Број на издадени акции | |
| -обични акции | |
| -приоритетни акции | |
| Номинална вредност на акциите | |
| Дали во периодот е извршена емисија на акции на АД | |
| -вид на емисија | |
| -број на издадени акции | |
| -вкупна вредност на издадените акции | |
| Податоци за стекнување на сопствени акции од страна на АД | |

| | |
|---|---|
| -датум и начин на стекнување | |
| -правниот основ за стекнување | |
| -количина | |
| -поединечна цена | |
| -Дали во периодот е извршена поделба на акциите на АД и податоци во врска со тоа | |
| -Број на акционери на крајот на периодот за кој се известува | |
| -Број и процент на сопствени, обични и приоритни акции во основната главнина на последниот дел од периодот за кој се известува (процент заокружен на две децимали) | |
| Меѓународен идентификациски број на акциите издадени од АД-ИСИН број | |
| Сметка/и (трансакциона/и) на АД и назив на институцијата која ја води | |

## 4.Финансиски податоци и финансиска состојба на АД

| | |
|---|---|
| Цена на обичните акции ако со нив се тргувало на берзата или на друг организиран пазар | |
| -највисока | |
| -најниска | |
| Цена на приоритетните акции ако со нив се тргувало на берзата или на друг организиран пазар | |
| -највисока | |
| -најниска | |
| Пазарна капитализација | |
| Подетално образложение за работењето на АД со кое се ажурираат податоците објавени во претходниот годишен извештај | |

## Полугодишни извештаи

Акционерското друштво е должно до Комисијата да достави полугодишен извештај за првите шест месеца од календарската година во рок од 45 календарски дена по завршувањето на шестмесечјето. Полугодишниот извештај содржи:

- подетално образложение за работењето на акционерското друштво со кое се ажурираат податоците објавени во претходниот годишен извештај и
- неревидирани финансиски извештаи, подготвени во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување.

## Тримесечни финансиски извештаи

Акционерското друштво е должно до Комисијата да доставува тримесечни финансиски извештаи за првото и третото тримесечје од календарската година, во рок од 30 календарски дена по завршувањето на тримесечјето. Тримесечниот извештај најмалку содржи:

- неревидиран консолидиран и неконсолидиран кумулативен Биланс на успех за првото ( I до III месец) и третото (I до IX месец) тримесечје од календарската година во согласност со мегународните стандарди за финансиско известување;
- консолидирани нумерички податоци во табеларна форма за вкупниот приход и остварената добивка или загуба пред и после оданочувањето за соодветното тримесечје и
- подетално образложение за работењето на акционерското друштво и добивката или загубата за соодветното тримесечје, проценка за идното работење на акционерското друштво и неговите поврзани лица до крајот на деловната година, вклучувајќи ги и евентуалните непредвидливи околности и ризици кои можат да влијаат на работењето на акционерското друштво.

# Годишни, шестмесечни, тримесечни и деветмесечни кумулирани извештаи (Биланс на состојба, Биланс на успех, Извештај за паричниот тек и Извештај за промени во капиталот) на акционерските друштва од групата:

- Финансиски институции
- Друштва за осигурување
- Останати друштва

# Билансни шеми на ДРУШТВАТА ОД ГРУПАТА НА ФИНАНСИСКИ ИНСТИТУЦИИ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Друштво | | | | 0 |
| Период на известување | | | Матичен број на друштвото | 0 |

# Биланс на успех

Податоците се во 000 денари

| | | | Претходна година | | Тековна година | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.Б. | Позиција | Конта | кумулативно од почетокот на годината | тековно тромесе-чие | кумулативно од почетокот на годината | тековно троме-сечие | во однос на прет-ходна година | во однос на прет-ходно тромесе-чие |
| 1 | Приходи од камата и останати слични приходи | 660,661, 665-668, | | | | | 0 | 0 |
| 2 | Расходи за камата и останати слични расходи | 600,601, 605-608 | | | | | 0 | 0 |
| **3** | **Нето приход од камата** | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 4 | Приходи од провизии и надоместоци | 670-678 | | | | | 0 | 0 |
| 5 | Расходи од провизии и надоместоци | 611,615, 617-619 | | | | | 0 | 0 |
| **6** | **Нето приходи од провизии и надоместоци** | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 7 | Приходи од дивиденди | 650,655, 658 | | | | | 0 | 0 |
| 8 | Приходи од курсни разлики, нето | 680 | | | | | 0 | 0 |
| 9 | Нето добивка/загуба од финансиски средства и обврски проценети според објективната вредност | | | | | | 0 | 0 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10 | Нето добивка/загуба од финансиски средства и обврски (расположливи за продажба и вложувања кои се чуваат до достасување) | | | | | | 0 | 0 |
| 11 | Останати приходи од работењето | 659,681-683,685-689 | | | | | 0 | 0 |
| 12 | Загуби поради оштетување на средства кај дадени кредити и вложувања | 641 | | | | | 0 | 0 |
| **13** | **Администра-тивни расходи** | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 13а | Трошоци за вработените | 620, 621,622 | | | | | 0 | 0 |
| 13б | Амортизација | 629 | | | | | 0 | 0 |
| 13в | Останати администра-тивни расходи | 623-628 | | | | | 0 | 0 |
| **14** | **Останати оперативни расходи** | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 14а | Загуба од продажба на имот и опрема | 649 | | | | | 0 | 0 |
| 14б | Трошоци за софтвер | | | | | | 0 | 0 |
| 14в | Оперативен лизинг | | | | | | 0 | 0 |
| 14г | Останати | 609,630-640 | | | | | 0 | 0 |
| **15** | **Оперативна добивка/загуба** | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 16 | Добивка/загуба на придружни друштва | | 0 | | | | 0 | 0 |
| **17** | **Нето Добивка/загуба пред оданочување** | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **18** | **Данок од добивка** | **691** | **0** | | | | **0** | **0** |
| **19** | **Нето Добивка/загуба за финансиската година** | | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 20 | Распределена на: | | | | | | | 0 |
| 21 | Сопствениците на друштвото | | | | | | | 0 |
| 22 | Малцински интерес | | | | | | | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Друштво | | | |
| Период на известување | | | Матичен број |

# Биланс на состојба

Податоците се во 000 денари

| Позиција | Конто | Претходна година | Тековна година | |
|---|---|---|---|---|
| Парични средства и депозити кај НБРМ | 141,142,070,040,130,300,301,310,311,315,319,332,335,352, 355,100-108,110,111 | | | 0 |
| Благајнички записи | 134 | | | 0 |
| Пласмани и кредити на други банки | 325,415,425, 345,515,445, 545,360,361, 363,365,368, 460-465,468,560,562,565,568,585 | | | 0 |
| Дадени кредити на комитенти | 084-087, 417,517,327,328,418,518,410,510,340,320,411,511,321,341, 416,516,326,346-348,520,481,485,486,586,448,548,487,587, 388,488,588,480,580,581,381 | | | 0 |
| Финансиски средства за тргување | 131-133, 135,138,302,303,307,430,431,435,436 | | | 0 |
| Деривативни финансиски инструменти | | | | 0 |
| Финансиски инструменти проценети според објективната вредност | | | | 0 |
| Вложувања во инструменти | 350,351,330,331,334,354,357,337,530,531,535,536 | 0 | 0 | 0 |
| Расположливи за продажба | ‘036 | | | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Инструменти кои се чуваат до доспасување | | | | 0 |
| Средства дадени под залог | | | | 0 |
| Вложувања во придружни претпријатија | | | | 0 |
| Материјални вложувања дадени под закуп | | | | 0 |
| Недвижности и опрема | 000-004,010,018,020,021,024-026,028,029,072 | | | 0 |
| Нематеријални вложувања | 006-009 | | | 0 |
| АВР и останата актива | 050,080-083,030-035,038,073,074,150-158-,160,161,170,171,190-194,198,120,121 | | | 0 |
| Одложени средства за данок на добивка | | | | 0 |
| **Вкупна актива** | | 0 | 0 | 0 |
| ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА - АКТИВА | | | | 0 |
| **ПАСИВА И КАПИТАЛ** | | | | 0 |
| **ПАСИВА** | | 0 | 0 | 0 |
| Депозити на банки | 700,701,745,765,805,815,825,855,860,862-865,868,875,885,925,935,955,960,962,963,965,968,985 | | | 0 |
| Депозити на комитенти | 704,706,708,710,712,719,721,726,727,731,738,740,741,746-748,760,761,766,767,768,781,788,800,801,804,806-811-,814,816,820,821,824,826-828,850,851,856,858,870,871,876,877,878,880,881,886,887,888,920,921,926-928,930,931,936-938,950,951,956,958,980,981,986-988 | | | 0 |
| Останати депозити | | | | 0 |
| Финансиски обврски за тргување | | | | 0 |
| Деривативни финансиски инструменти | | | | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Издадени хартии од вредност | 830-838 | | | 0 |
| Обврски по кредити | 750-759,770-774, 777,778,779,840,841,845,846,848,940,941,945,946,948 | | | 0 |
| Финансиски обврски проценети според објективната вредност | | | | 0 |
| Останати обврски | 203-206,208,210,220-224, 230,231,238,240,242,250,251,254-258,260,261,270, 271,970-975,978 | | | 0 |
| Обврски по даноци | 201,202,207,253 | | | 0 |
| Резервирања | | | | 0 |
| ПВР и останата пасива | 290-294,298 | | | 0 |
| **АКЦИОНЕРСКИ КАПИТАЛ** | | 0 | 0 | 0 |
| Акционерски капитал | 900,903 | | | 0 |
| Задржана добивка | 219,906,091,092 | | | 0 |
| Задолжителни резерви | 904 | | | 0 |
| Останати резерви | 905,907,909 | | | 0 |
| Малцински удел | | | | 0 |
| **Вкупно пасива и капитал** | | **0** | **0** | **0** |
| ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА-ПАСИВА | | | | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Друштво | | 0 | |
| Период на известување | 0 | Матичен број на друштвото | 0 |

# Извештај за паричниот тек

Податоците се во 000 денари

| Позиција | Претходна година | Тековна година | Индекси |
|---|---|---|---|
| Парични текови од оперативни активности | | | 0 |
| Приходи од камата и останати слични приходи | | | 0 |
| Расходи за камата и останати слични расходи | | | 0 |
| Приливи од наплатени дивиденди | | | 0 |
| Приходи од провизии и надоместоци | | | 0 |
| Приходи од курсни разлики и останати приходи, нето | | | 0 |
| Приливи од претходно отпишани побарувања | | | 0 |
| Одливи за исплата на вработените и добавувачите | | | 0 |
| Платени даноци на добивка | | | 0 |
| **Добивка од дејности пред промена на деловната актива** | **0** | **0** | **0** |
| **Зголемување (намалување) во деловната актива и пасива** | **0** | **0** | **0** |
| – Зголемување на финансиски средства за тргување, нето | | | 0 |
| – Зголемување на Деривативни финансиски инструменти, нето | | | 0 |
| – Нето зголемување/намалување на пласмани и кредити во други банки | | | 0 |
| – Нето зголемување/намалување на пласмани и кредити дадени на коминтенти | | | 0 |
| – Нето зголемување/намалување на останата актива | | | 0 |
| – Нето зголемување на депозити примени од други банки и финансиски институции | | | 0 |
| – Нето зголемување на останати депозити | | | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| – Нето зголемување на финансиски обврски за тргување | | | 0 |
| – Нето зголемување на средствата од клиенти, останати позајмени средства и должнички хартии од вредност | | | 0 |
| – Нето зголемување/намалување на останата пасива | | | 0 |
| **Нето паричен тек од оперативни активности** | **0** | **0** | **0** |
| **Парични текови од инвестициони активности** | | | **0** |
| Парични исплати за стекнување на придружни правни лица | | | 0 |
| Парични приливи од продажба на придружни правни лица | | | 0 |
| Набавки на недвижности, опрема, нематеријални средства и сл. | | | 0 |
| Продажба на недвижности, опрема, нематеријални средства и сл. | | | 0 |
| Парични исплати за стекнување на хартии од вредност | | | 0 |
| Парични приливи од продажба и откуп на хартии од вредност | | | 0 |
| **Нето паричен тек од инвестициони активности** | **0** | **0** | **0** |
| **Парични текови од финансиски активности** | | | **0** |
| Парични приливи од издадени должнички хартии од вредност и останати земени краткорочни и долгорочни кредити и заеми | | | 0 |
| Парични одливи за враќање на издадени должнички хартии од вредност и останати земени краткорочни и долгорочни кредити и заеми | | | 0 |
| Парични приливи од зголемување на капиталот преку издавање на акции или други сопственички хартии од вредност | | | 0 |
| Откуп на сопствени акции | | | 0 |
| Продажба на сопствени акции | | | 0 |
| Исплатена дивиденда | | | 0 |
| **Нето паричен тек од финансиски активности** | **0** | **0** | **0** |
| **Нето зголемување/намалување на паричните средства и парични еквиваленти** | **0** | **0** | **0** |
| Парични средства на почеток на годината | | | 0 |

| **Позиција** | **Претходна година** | **Тековна година** | **Индекси** |
|---|---|---|---|
| Ефекти од промена на вредноста заради курсни разлики | | | 0 |
| **Пари и парични еквиваленти на крајот на годината** | **0** | **0** | **0** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Период на известување | 0 |
| Друштво | 0 | Матичен број | 0 |

# Извештај за промените во капиталот

Податоците се во 000 денари

| | Капитал на акционерите | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Промени** | Акционерски капитал | Премии на издадени акции | Резерви | Акумулирана добивка (загуба) | Малцински интерес | Вкупно капитал |
| **Состојба на 1 Јануари претходната година** | | | | | | **0** |
| Уплата на акции | | | | | | 0 |
| Откупени сопствени акции | | | | | | 0 |
| Продадени сопствени акции | | | | | | 0 |
| Конверзија на хартии од вредност | | | | | | 0 |
| Добивка (загуба) за финансиската година | | | | | | 0 |
| Распределба на добивката во корист на резервите | | | | | | 0 |
| Распределба на добивката за дивиденди и останати надоместоци за акционерите | | | | | | 0 |
| Распределба на добивката за награди и користи за вработените | | | | | | 0 |
| Останати резерви на банката | | | | | | 0 |
| Процена на материјални средства | | | | | | 0 |
| Усогласување на вложувањата расположливи за продажба до нивна објективна вредност | | | | | | 0 |
| Реализирана капитална добивка од продажба на хартии од вредност | | | | | | 0 |
| Евидентирање на загуби од подружници од претходните години по методот на главнина | | | | | | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Малцински интерес | | | | | | 0 |
| Одложени даноци | | | | | | 0 |
| Признаени приходи и расходи, нето | | | | | | 0 |
| Курсни разлики | | | | | | 0 |
| Останато зголемување/намалување на средства, нето | | | | | | 0 |
| **Состојба на 31 Декември претходната година** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| Уплата на акции | | | | | | 0 |
| Откупени сопствени акции | | | | | | 0 |
| Продадени сопствени акции | | | | | | 0 |
| Конверзија на хартии од вредност | | | | | | 0 |
| Добивка (загуба) за финансиската година | | | | | | 0 |
| Распределба на добивката во корист на резервите | | | | | | 0 |
| Распределба на добивката за дивиденди и останати надоместоци за акционерите | | | | | | 0 |
| Распределба на добивката за награди и користи за вработените | | | | | | 0 |
| Останати резерви на банката | | | | | | 0 |
| Процена на материјални средства | | | | | | 0 |
| Усогласување на вложувањата расположливи за продажба до нивна објективна вредност | | | | | | 0 |
| Реализирана капитална добивка од продажба на хартии од вредност | | | | | | 0 |
| Евидентирање на загуби од подружници од претходните години по методот на главнина | | | | | | 0 |
| Малцински интерес | | | | | | 0 |
| Одложени даноци | | | | | | 0 |
| Признаени приходи и расходи, нето | | | | | | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Промени** | Акционерски капитал | Премии на издадени акции | Резерви | Акумулирана добивка (загуба) | Малцински интерес | Вкупно капитал |
| Курсни разлики | | | | | | 0 |
| Останато зголемување/намалување на средства, нето | | | | | | 0 |
| **Состојба на 31 Декември во тековната година** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

# Билансни шеми на ДРУШТВАТА ОД ГРУПАТА НА ДРУШТВА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Друштво | | | Матичен број на друштвото |
| Период на известување | | | |

## Биланс на успех

| Позиција | Конта | Претходна година | | Тековна година | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
